1004

**PRES-SERVIS**
NOVINSKO-IZDAVACKO PREDUZECE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE
Isečak iz lista
Newspaper cutting НОВА МАКЕДОНИЈА
26. IV 1966

**Разговор на изложба**

# Уметникот слика за публиката

## — БОРИС НЕДЕЛ: НАСТОЈУВАМ ВО СЛИКАТА ДА СУГЕРИРАМ ДЕКА, И ТАМУ КАДЕ ШТО НЕ Е ВИДЛИВ, ЧОВЕКОТ ПОСТОИ

**Дниве во Работничкиот дом-универзитет во Скопје е отворена изложба на Борис Недел. На оваа изложба Недел за првпат се претставува пред скопската публика (тој е скопјанец кој 20 години живее во странство — во Франција и на островот Гвадалуп во Карипското Море) и се претставува со повеќе од триесетина слики и неколку графики. Изложените експонати се настанати во последниве неколку месеци, во време на неговиот престој во Скопје.**

Изложбата на Недел на отворањето беше мошне посетена. И беше речено дека е освежување во ликовниот живот во градот.

— Понекогаш ми префрлаат дека сум ја комерцијализирал, подразбираат тоа што јас сликите ги продавам и живеам од нив. А јас знам дека уметникот слика за публиката, а не за музеј. Дека мора да воспостави комуникација со човекот... Уметниците се затвораат во себе. И ако публиката не ја разбира уметноста, не ја разбира по вина на уметникот, а не затоа што не е дорасната да ја разбере.

— Настојувам во сликата да сугерирам дека и тамо каде не е видлив, човекот постои.

— Колку се занимавате со сликарство, колку со графика?

— Најмногу работам на сликарство. Низ сликата подобро можам да се изразам. Графиката е содржина во техниката.



**Борис Недел**

И не ја прифаќа публиката, токму заради црно-белата острина. Јас работам за публика без, при тоа, да правам некакви сликарски концесии. И се радувам дека сум успеал да правам слики што можат еднакво да се адресираат и до интелектуалци и до просечно писмени.

На сликите на Недел доминира фигурата. Во самиот нејзин центар е човекот. И тагата негова.

— Темата е врска меѓу уметникот и публиката. Точно е дека извесни мотиви посилно ги доживувам и повеќе ми лежат на срцето, тоа се — осаменоста, тагата, меланхолијата. Но не се спремам кон реалноста. Таа ми е само база. Се стремам сликите да зборуваат за мене. Мојата уметност е разбирлива, можеби не за сите, зашто уметноста сама по себе не е најразбирлива за сите.

Недел има зад себе десетина изложби, самостојни, во големи ликовни центри.

— Вкусот на публиката е и сличен и различен. Она што не ѝ се допаѓа на една публика од еден ликовен центар, ѝ се допаѓа на публиката од друг ликовен центар. Во своите дела не морализирам, но не ми било ни цел да информирам. Не припаѓам на ниеден правец, освен по наобразба и афинитет, на париската школа.

■ Каков е патот на уметноста?

— Уметникот треба што повеќе да научи, па сето тоа да го заборави и дури потоа да почне да работи. Само така ќе се види колку е роден за уметник. Инаку, ако учи и продолжи да работи ќе остане вечно ученик.

■ Човекот, пејсажот, мртвата природа — што е потешко да се донесе на платното?

— Секако, фигурата, па потоа пејсажот, па мртвата природа. Јас со боите се играм. Штом е направена композицијата, а правам многу цртежи додека се одлучам за еден, готова е и сликата. Сега цел ми е преку сито-печат, или серии-графија да дадам уметнички остварувања.

■ Таа техника во графиката кај нас не се негува.

— Не е позната. А е откриена во Америка во време на најголемата економска криза. Таа графичка техника овозможува ниски уметнички остварувања што можат да се продаваат за ниски цени.

Недел оваа изложба, збогатена уште со десетина експонати, ќе ја прикаже во Париз. Дали по вторпат ќе излага во Скопје?

— Мислам да останам во Скопје, јасно, ако добијам можност да изградам куќа и ателје. Јас сум југословенски државјанин и желба ми е одовде да го освојам европскиот ликовен пазар.

■ Сите уметници се стремат да освојат ликовен пазар. Нашите гравитираат кон Париз, Лондон, Рим.

— Со сликарски концепции што се продолжение и одблесок на париската школа нема изгледи за успех. Сметам дека југословенските уметници, посебно македонските би биле подобро примени во светската уметничка јавност ако прикажат уметност со чисти национални белези.

**О. Спиркоска**